**Меѓународен научно-истражувачки проект :**

КОНЦЕПТОТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРАВОТО И ПОЛИТИКИТЕ - THE CONCEPT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT THROUGH THE PRISM OF LAW AND POLICIES

**Организатор:**
Центар за анализа на право и политики, Правен факултет, Угд – Штип

**Партнер:**
University of Miskolc (Hungary)

**Раководител на проект:**
Вон. Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска, Правен факултет, Угд – Штип

**Заменик раководител на проект:**
Вонр. Проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, Правен факултет, Угд – Штип

**Временска рамка:**
Август 2021 – Јуни 2023

**Истражувачки тим – професори од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип:**

Вонр. проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска, Правен факултет - УГД Штип
Вонр. Проф. д-р Олга Кошевалиска, Правен факултет - УГД Штип
Вонр. Проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, Правен факултет - УГД Штип
Вонр. Проф. д-р Билјана Тодорова, Правен факултет - УГД Штип
Доц. Д-р Елена Максимова, Правен факултет - УГД Штип
Доц. Д-р Милица Шутова, Правен факултет - УГД Штип
Доц. Д-р Јорданка Галева, Правен факултет - УГД Штип

**Истражувачки тим - професори од Универзитетот Мишколц (Унгарија):**

Bernadette Solymozi-Szekeres, Assistant professor, University of Miskolc
Hilda Toth, Associate professor, University of Miskolc
Nora Jakab, Full professor, University of Miskolc

**Истражувачки тим – асистенти од Правен факултет, УГД - Штип:**

Асс. М-р Ана Здравева, Правен факултет - УГД Штип
Асс. М-р Наташа Донева, Правен факултет - УГД Штип
Асс. М-р Кристијан Панев, Правен факултет - УГД Штип

**Студенти од Правен факултет, УГД – Штип:**

М-р Елена Трајковска, Правен факултет - УГД Штип

Ева Кирова, Правен факултет - УГД Штип
Соња Попова, Правен факултет - УГД Штип
Магдалена Филипова, Правен факултет - УГД Штип

**Студенти – докторанти од Универзитетот во Мишколц:**

Zsofia Raczi, Phd Student, University of Miskolc
Maria Vivien Tunyi, Phd Student, University of Miskolc
Maria Garami, Phd Student, University of Miskolc
Laura Kovacs Berenyi, Phd Student, University of Miskolc

## Опис на проектот:

Концептот на одржлив развој опфаќа серија на принципи врз основа на кои се стреми да се постигне развој на човештвото, почитувајќи ги истовремено природните ресурси и различните екосистеми врз база на кои се засноваат разните економии и општества. Со други зборови, одржливиот развој претставува развој и задоволување на потребите на сегашните генерации, без притоа да се компромитираат можностите на идните генерации да ги задоволат нивните потреби. Вака поставен, концептот на одржлив развој се проектира во пресекот помеѓу три множества односно помеѓу животната средина, општествениот или социјалниот развој и опкружување и економскиот пораст. Во 2015 г. Обединетите нации утврдија 17 главни цели за одржлив развој во т.н. Агенда 2030, врз основа на која ООН се стреми до 2030 г. да постигне подобри резултати во постигнување на одржлива иднина за сите. Во оваа насока се движи и Европската унија, која преку нејзиното право и политики се обидува да ги имплементира стандардите и достигнувањата наведени во Агендата за одржлив развој. Тргнувајќи од тоа, како и од фактот дека Македонија е членка на Обединетите нации и дека е во процес европска интеграција, таа се заложува да ги имплементира делумно или целосно поставените стандарди, во својот правен поредок. Оттука, тргнува идејата да се формира еден истражувачки тим во рамките на Правен факултет којшто ќе работи на тематиката поврзана со концептот на одржлив развој виден низ призмата на правото и политиките како во Македонија, така и на регионално/европско и на меѓунардно ниво.

Идејата е да се утврди како се идентификува концептот на одржлив развој во различните полиња на општествено делување и сфери на интерес, кои се принципите што го сочинуваат, како се изразуваат низ правото и низ политиките, во која мерка концептот на одржлив развој е присутен во националното законодавство, како се имплементира и применува во пракса, дали постојат недостатоци во неговата примена,

каква е улогата на институциите во обезбедување на негова имплементација, кои инструменти се користат за негова импментација, каква е улогата на другите засегнати страни, дали и кои заштитни мерки се преземаат во случај на непочитување на некои од принципите на одржлив развој, дали и во која мерка националното законодавство е усогласено со европското законодавство во делот на одржлив развој, дали и во која мерка се постигнати целите предвидени во Агенда 2030, дали и во која мерка постои меѓународна соработка повзана со концептот на одржлив развој и сл.

Освен формирање на тим на истражувачи, којшто е една од главните цели, проектот исто така има за цел да регрутира студенти од различни години коишто би работеле на тематики поврзани со одржливиот развој во соработка и под менторство на членовите на истражувачкиот тим. На овој начин ќе се оствари една од делекусежните цели на проектот, а тоа е подигање на свеста кај младата популација за концептот на одржлив развој и обезбедување на одржливост за концептот на одржлив развој преку пренесување на знаење и интерес за истиот.

Преку истражувања кои ќе ги водат истражувачите во проектот за времетраење на целиот проект, како и преку работилници, предавања, тркалезни маси, дебати и други активности предвидени во проектот, ќе се презентираат и дисеминараат резултатите спроведени од истражувањата и истите ќе се објават во публикација во издание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Крајната цел на проектот е да се подигне свеста кај наставно-научниот кадар но и кај студентите за важноста на концептот на одржлив развој и за неговата примена во правото и политиките во националниот поредок, на регионално/европско ниво и на меѓународно ниво. Сето ова во насока на придонесување за исполнување на целите на одржлив развој поставени во Агендата 2030 од Обединетите нации, како и за целите за постигнување на одржлив равој поставени од Европската унија во процесот на проширување на Унијата.